# ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА СПОМЕН КУЌА НА ТОДОР ПРОЕСКИ - КРУШЕВО ЗА 2022 г.

Според одредбите од Законот за култура и Законот за музеи, а во склад со Статутот на установата, директорот на НУ Спомен куќа на Тодор Проески Крушево, должен е да подготви и достави до Министерството за култура на РСМ годишен извештај за реалзиација на годишната програма за работа на установата за 2022 г.

Извештајот се состои од наративен дел во кој се опишани активностите во перод од 01.01.2022 до 31.12.2022 и финансиски дел со показатели за динамиката во реализацијата на годишната програма за работа за 2022г. на Буџетски средства и средства од сопствени извори.

**I.**Според договор за учество во финансирање на Годишната програма за работа на НУ Спомен куќа на Тодор Проески Крушево за 2022 од областа на музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство, бр.31-1437/1 од 04.02.2022г. министерството обезбедува од Буџетот на РСМ средства со вкупен износ од 3.792.964,оо мкд. кои со Анекс на Договорот бр. 31-1437/24 од 28.12. 2022 г. се намалени и изнесуваат 3.702.964,оо мкд и тоа за

1. Програмски активности на установата – реализација на проектот „Спомен куќата на Тоше – чувар на спомените, животот и делото на најголемата македонска поп икона" во износ од 50.000,оо мкд – (целосно реализиран и исплатен)
2. Материјални трошоци
   360.000,оо за реализација на програмата – (реализирани сите во прилог образец )
   2.432.964,оо за исплата на средства за семејството Проески за изнајмување на личните работи на Тоше ( исплатени 2.432.964,оо мкд)
3. Електрична енергија и комунални услуги

   800.000,оо – ел. енергија

   60.000,оо – комунални услуги

**II.** Според договор за учество во финансирање на Годишната програма за работа на НУ Спомен куќа на Тодор Проески Крушево за 2022 од областа на музичко и музичко – сценската дејност, бр.21-1342/1 од 04.02.2022 г. и Анекс бр.21-1342/6 опд 13.10.2022 г. министерството обезбедува од Буџетот на РСМ средства со вкупен износ од 529.000,оо мкд. и тоа за

**Програмски активности на установата при реализација на ЧЕТИРИ проекти поддржани од Министарство за култура со Годишната прогарама за 2022 г.**

1. „Ангел си ти " – одбележување на 41 роденден на Тоше – 90.000,оо мкд
2. 30 години од првиот настап на Тоше на Залатно Славејче со песната „Мојот дедо" испеана на влашки јазик -139.000,оо мкд
3. Ѕвездено небо за Тоше – одбележување на 15 години од последниот концерт на Тоше на 5 октомври – одобрени 300.000 оо мкд
4. Изложба на Музејска поставка „Спомен куќата на Тоше – чувар на спомените, животот и делото на најголемата музичка поп- рок икона " во Музејот на македонската борба – 50.000,оо мкд.

Согласно Програмата за работа на НУ Спомен куќа на Тодор Проески 2021 – 2024 г. која директорот Лефкија Гажоска ја поднесе на јавниот конкурс за избор на директор и која е составен дел од четиригодишните програмски активности, во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 год. исполнувајќи ја својата основна дејност – музејска, продажба на влезници и продажба на други артикли поврзани со ликот и делото на Тоше ( ЦДа од неговата богата музичка кариера, привезоци и магнети со ликот на Тоше, привезоци и магнети со обликот на Спомен куќата, пенкала со потпис на Тоше, чаши со негов лик и други предмети кои ги набавуваме согласно соработката со ДООЕЛ Енџел мјузик) , но и продажба на кафе и пијалоци во кафе барот на музејот, остварен е приход од 1.584.170,оо мкд.

Овие средства се искористени за реализација на бројни програмски активиности за одбележување на значајни датуми од музичката кариера на Тоше Проески, за материјално и тековно одржување на објектот, како и за реализација на позитивните законски обврските од Законот за култура и Колективниот договор за култура. Хронолошки ќе ги наведеме најпосетувание настани.

1. Одбележување на 41 роденден на Тоше на 25 јануари 2022 година со музичко - сценскиот настан **„Ангел си ти"**, во чии рамки се одржа крводарителска акција, промоција на две книги и литературно авторско читање на песни од збирката „1200 молитви за Тоше", доделени беа 10 ваучери на социјално ранливи категории лица и промовирани беа 41 маица со ликот на Тоше – штампани со еко бои.
2. **„Ден за нас"** е името на настанот посветен на 14 февруари кога Тоше ја наполни белградска Арена. По тој повод во Спомен куќата настапија неколку реномирани машки солисти (Борис Цветаноски, Никола Зацески, Омар Џафероски, Матеј Тушески) во придружба на локалниот бенд „ИнВиктус". Со овој настан беше одбележан и Св.Трифун со промоција на македонск вина.
3. На 15 ти февруари кога се одбележува **Светскиот ден за борба на децата со ракот**, Спомен куќата им подари 30 плишани играчки на децата на клиниката за детски болести – Скопје.
4. За 11 годишнината од отворањето на Спомен куќата на Тоше Проески реализиравме поетско – ликовен и музички настан со името **„Мојот и твојот непребол"** . Изложени беа делата на несекојдневната уметница Снежана Лазарова Луна, во музичка придружба на исклучителниот Горан Папаз и со поезијата на поетесата Светлана Папачек од Битола. Беа доделени и јубилејни награди за 10 години работа во установата на 8 вработени.
5. Распишавме конкурс за доставување на поезија поврзана со **настапот на Тоше на Евровизија** во Турција, а на наградената творба и подаривме биографија на Тоше, „Ова не е крај".
6. Во соработка со општина Крушево и НВО „Здружение за туризам и угостителство" учествувавме во поставување на **цвеќе на улицата Тоше Проески** и во волонтерската акција за чистење на улицата и на детското игралиште кое е во непосредна близина на спомен куќата.
7. Во јуни бевме партнери во реализација на два големи настани музичкиот фестивал за класична гитара „Guitar Fest" во соработка со НВО „Арт Кул" и 5километарската градска трка „Krusevo run" и НВО „Центар за хумани односи.
8. Организатори бевме на малата ликовна колонија и ликовна изложба **„За Тоше и Крушево "** од 25- 27 јуни на реномираниот уметник Мики Трендафилоски и неговите пријатели, академски уметници од

Македонија, кои три дена твореа во спомен куќата на Тоше, а создадените дела ги подарија на Спомен куќата.

9. На **29 јуни со голем хуманитарен концерт**, го одбележавме денот кога за првпат Тоше го наполни Градски Стадион кој денес го носи неговото име. Концертот беше заедничка организација и реализација со непрофитното здружение „Игри без граници" од Битола со медиумска покриеност од јавниот сервис на МРТВ. На концертот настапија Никола Зацески, Марија Груеска, Елена Петроска, Денис Димоски и локалниот бен „ИнВиктус" и „Мелем" од Битола. Настанот го посети бројна домашна публика и имаше добар одзив кај нив.
10. Август месец беше посветен на одбележување на Илинден, па затоа склучивме Меморандум за соработка со **Научно културните средби – Десет дена Крушевска република"** за подршка и логистика за дел од настаните кои се во нивна програма. За одржување на деттскиот фестивал – Звончиња , промоција на работат на биатлон федерацијата, бевме логистика со простор и осветлување и послужување.
11. На 15 август бевме гости на **опен фест Струмица** на вечерта посветена на Тоше и неговата музика. На бината и во просторото пред неа беа изложени и поставени на штафелаи 26 фотографии на канвас од Тоше. Исто така на 24 звгуст бевме логистика на **Ски ролер фис купот Тодор Проески** кој секоја година се одржува под покровителство на МВР на РСМ и министерот Оливер Спасовски со учество на ски екипи од целиот Балкан.
12. Септември месец се посветивме на хортикултурно уредување на просторот и на **санација на терасата** на спомен куќата и на оспособување на просторот каде се продаваа предменти со ликот на Тоше за поставување на постојана поставка Фановите за Тоше. Крајот на септември учествувавме во планирање, медиумска покриеност и реализацијата на велосипедската трка од Нова градишка до Крушево на **Кавадаречките точакџии.**
13. Октомври беше посветен на планирање, логистика, организација на одбелжувањето **на 5ти октомври – 15 годишнината од последниот концерт на Тоше на градски.** Со звучни имиња, музички пријатели на Тоше од Македонија и Балканот ( Каролина Гочева, Бојан Маричич, Јелена Томашевич и други), бендот на Тоше и камерниот оркестар на Битола, беше одржан музички настан со безвремените музички нумери на Тоше, кој беше посетен од голем број вљубеници на музиката на Тоше и емитуван и на МРТВ.
14. На 16 октомври – беше одбележан најтажниот ден, со традиционалното пречекување на маратонците кои го трчаат **ултра маратонот за Тоше** од Нова градишка до Крушево.
15. Од 16 ноември – 25 ноември во Музејот на македонската борба за независнот во Скопје беше поставена **изложбата „Спомен куќата на Тоше – чувар на спомените, ликот и делото на најголемата македонска поп музичка ѕвезд"** со поставување на тематски фотографии на канвас и форекс од Тоше и спомен куќата и со изложување на две комплет гардероби од музички настани и две гитари.
16. На 2ри декември спомен куќата заедно со 8 ученици од основно и средно школо и менторот проф. по уметност Емил Солески учествуваше на **24та меѓународна керамичка колонија во Велес** со што се одбележа муѓународниот ден на лица со потешкотии во развојот 3ти – декември. На колонијата се обојуваа грнчарски елементи со симболите на Тоше.
17. На 16 декември – се одбележаа **30 години од прваиот јавен музички настап на Тоше на фестивалот Златно славејче 1992 година со песната Јас и мојот дедо испеана на Влашки.** Настанот е поддржан од Министерството за култура со 130.000,оо кои беа наменети за детскиот хор Звончиња од Битола , за кореографија и сценографија, патни трошоци и трошоци за освежување и закуска, за распис на неколку нумери и за озвучување и фотографирање на настанот.
18. Декември месец исплативме регрес за годишен одмор за 2022 г. со одлука на У.О за сите вработени .

Значи за вкупно 18 настани во сопствена организација на НУ Спомен куќа на Тодор Проески и во партнерство со локални установи и здруженија на граѓани, као икопродукција со Министерството за култура на РСМ, издвоени се средства во висина од 949.700,оо мкд. Дополнително, тековно извршени се два големи зафати во спомен куќата и тоа интервенција во водоводната мрежа и спречување на поголем дефект, како и комплетна дијагностика и сервисирање на клима уредите од овластени сервисери. Согласно Законот за музеи, НУ Спомен куќа на Тодор Проески изврши усогласување на правилниците и постојната документација за евидентирање на музејките предмети во постојните музејски поставки и во депото. Согласно Законот за заштита и спасување и противпожарна заштита, НУ Спомен куќа на Тодор Проески беше посетена од инспекторатот на ДЗиС во редовна контрола за спроведување на задолженијата кои произлегуваат од оваа регулатива. Управниот одбор на НУ Спомен куќа на Тодор Проекси, учествуваше во креираење и реализација на сите настани преку одржување на 5 седници, на кои беа донесени и некои важни одлуки за работа во празник, за двосменска работа за Илинеден, за исплата н арегрес за годишен одмор и за кофинансирање на одредени значајни проекти кои го одбележуваат животот и музичката кариера на Тоше. Во ноември месец, У.О. доби нови членови од редот на вработените. Со континуирано постирање на објави на web и Facebook страната на Спомен куќата постигнавме поголама промоција и посетеност на сите нашите настани. Така да цела 2022г. нашите настани се посетени од 210 850, а со проследувањето на објавите на големите музички ѕвезди Јелена Томашевиќ, Каролина Гочева, Бојан Маричиќ и други достигнавме гледаност и до 500.000 преку нивните фан страници.

Директор
НУ спомен куќа на Тодор Проески
Лефкија Гажоска

дата
22.03.2023 г.